„Она што ви го забранив – одбегнувајте го. А она што ви го наредив – извршувајте го колку што можете

Ебу Хурејре, Абдурахман бин Сахр, Аллах нека е задоволен со него, рекол: Го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Она што ви го забранив – одбегнувајте го. А она што ви го наредив – извршувајте го колку што можете. Навистина, оние пред вас беа уништени поради нивните бројни прашувања и поради нивното спротивставување на нивните веровесници.“

[صحيح] [رواه البخاري ومسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни објаснил дека кога ќе ни забрани нешто, должни сме целосно да го одбегнуваме, без исклучок. А кога ќе ни нареди нешто, треба да го извршуваме според нашите можности. Потоа нè предупреди да не бидеме како некои од претходните народи кои ги оптоварувале своите веровесници со многу прашања, а истовремено им се спротивставувале. Поради тоа Аллах ги казнил со различни видови пропаст и уништување. Затоа треба да се чуваме да не бидеме како нив, за да не бидеме уништени како што тие беа уништени.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/66517